MACEDONIAN FISHING FEDERATION
Add: Bulevar "KocoRacin" 75
Skopje, RepublicofMacedonia
Tel/fax: +389 2 31 64 539
E.mail: macfederation@yahoo.com
contact@mrf1952.mk
Website:www.mrf1952.mk

МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА
Адреса: Бул. " КочоРацин"
75Скопје, РепубликаМакедонија
Тел/факс: +389 2 31 64 539
E.mail:macfederation@yahoo.com
contact@mrf1952.mk
Website: www.mrf1952.mk

# ПРЕДЛОГ ПРАВИЛНИК
# ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ОД
# ФОНДОТ ЗА РАЗВОЈ НА РЕКРЕАТИВНИОТ РИБОЛОВ ВО
# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овојПравилниксеуредувапостапкатаза распределба на средства од фондот за развој на рекреативниот риболов во Република Северна Македонија.

Фондот за развој на рекреативниот риболов е формиран со одлука на УО на МРФ во 2019 година и во него секоја година се одвојуваат по 50 денари од секоја издадена маркица (легитимација) за рекреативен риболов.

Средствата од фондотќе се ползуваат наменски, со цел развивање на рекреативниот риболов и подобрување на уловите за организирање на рекреативен риболов нариболовните води, по услови и правила дефинирани во овој Правилник.

Член 2

Рекреативниот риболов и здруженијата кои се концесионери на рибите од риболовните води ќе бидат помогнати на повеќе начини со доделување на средства, кои наменски ќе се трошат или со обезбедување различни добра и опрема кои се потребни на риболовните здруженија, концесионери на рибите од риболовните води.

За добивање на средства риболовните здруженија мора да исполнуваат повеќе услови и тоа:

- Да се членки на МРФ;
- Да се концесионери на рибите од риболовна вода и да имаат уредно потпишан Договор за концесија со МЗШВ;
- Да ја имаат уредно подмирено годишната членарина во МРФ;
- Да немаат никакви долгови, по никакви основи, кон МРФ во моментот на апликација;
- Да пополнат апликација со барање во кое ќе се наведат сумата и основот по кој се бараат средства;

*Основи за апликација и доделување на средства*

Член 3

МРФ на здруженијата концесионери на рибите од одредена риболовна вода може да им одобри средства по повеќе основи и тоа:

- За покривање на трошоци за вработување или ангажирање на рибочувар;
- За набавка на опрема и средства потребни за рибочуварстката служба;
- За подмирување на трошоците за набавка на порибителен материјал за порибување на риболовната вода;
- За покривање на дел од трошоците за уредување на риболовна патека на риболовната вода;
- За еколошки акции и за чистење на риболовната вода;
- За изработка на рекламен и промотивен материјал, за промоција на одредена риболовна вода
- За потребно учество при апликација на државни или меѓународни проекти во кои се бара и сопствено учество од страна на апликантот;
- За покривање на трошоците за адвокатски услуги, експертизи и вештачења, потребни за покренување на постапка за наплата на оштетно побарување, при начинета штета од загадување на водите од риболовната вода и предизвикани помори на риби.

Член 4

МРФ, согласно расположливите средства во фондот, одлучува за основот и за висината на помошта која ќе ја дава на риболовните здруженија.

*Начин на апликација и потребна документација*

Член 5

Секое здружение кое ќе аплицира за добивање на средства од МРФ мора да ги исполнува условите пропишани во Член 2 од овој Правилник и да достави до МРФ доказ за исполнување на тие услови. Исто така мора да достави пополнета апликација/барање во кое децидно ќе се наведе:

- Основот по кој се бараат средства;
- Висината на средства која се бара;
- Докази за исполнети услови од член 2 и
- Дополнителна документација поврзана со основот и барањето на средства

Член 6

За покривање на трошоци за вработување или ангажирање на рибочувар (Член 3 алинеја 1) апликантот треба да достави:

- Доказ за вработување или ангажирање на рибочувар(М1/М2 образец иливалиден Договор за вработување/ангажирање на рибочувар);
- Копија од лиценцата на рибочуварот издадена од МЗШВ;
- Извод од банка на кој се гледа висината на исплатената месечна плата/надокнада на рибочуварот.

Член 7

За набавка на опрема и средства потребни за рибочуварстката служба(Член 3 алинеја 2) апликантот треба да достави:

- Образложение за набавка на опремата;
- Детален опис на опремата која се набавува;
- Фактура или профактура за опремата која се набавува.

Член 8

За подмирување на трошоци за набавка на порибителен материјал за порибување на риболовната вода(Член 3 алинеја 3) апликантот треба да достави:

- Образложение за потребата од порибувањето;
- Количини и видови на риби со кои ќе се изврши порибувањето;
- Фактура/профактура за набавка на порибителниот материјал

Член 9

За покривање на дел од трошоците за уредување на риболовна патека на риболовната вода, за еколошки акции и за чистење на риболовната вода и за изработка на рекламен и промотивен материјал, за промоција на одредена риболовна вода, за потребно учество при апликација на државни или меѓународни проекти во кои се бара и сопствено учество од страна на апликантот(Член 3 алинеја 4, 5, 6 и 7) апликантот треба да достави:

- Предлог проект со детален опис на активноста;
- Образложение за потребата од изведување на проектот и влијанието кое ќе го има врз развојот на рекреативниот риболов;
- Детален буџет за изведување на проектот.

Член 10

За покривање на трошоците за адвокатски услуги, експертизи и вештачења, потребни за покренување на постапка за наплата на оштетно побарување, при начинета штета од загадување на водите од риболовната вода и предизвикани помори на риби(Член 3 алинеја 7) апликантот треба да достави:

- Договор со вештак, адвокат или експерт во кој ќе биде прикажана сумата потребна за услугите од страна на ангажираното лице/лица.

*Начин на одлучување и избор по однос на доставените апликации*

Член 10

Одлуката за доделување на средства се носи со спроведување на постапка која е дефинирана во овој Правилник.

Член 11

Службата на МРФ, по налог на претседателот на МРФ, распишува оглас или на друг начин ги информира сите риболовни здруженија, членки на МРФ, за започнување на постапка за прибирање на апликации за доделување на средства од Фондот за развој на рекреативниот риболов во Република Северна Македонија.

Член 12

Огласот или информацијата може да се проследи до сите заинтересирани на повеќе начини:

- преку јавните гласила,
- преку страната на МРФ,
- со доставување на информација до сите здруженија преку Е.маил

Член 13

Во огласот, покрај основните услови за аплицирање, се дефинира и периодот во кој риболовните здруженија, апликанти, може и треба да ги достават своите апликации.

Член 14

По завршување на периодот за доствување на апликациите службата на МРФ истите ги сортира и ги препраќа до Претседателот на МРФ, кој во најкус временски рок формира Комисија за разгледување на апликациите.

Член 15

Комисијата ќе ги разгледа сите апликации и ќе изготви предлог одлука за доделување на средства која ќе ја достави до УО на МРФ на разгледување и одлучување.

Член 16

УО на МРФ, на седница,која ја свикува Претседателот на МРФ, носи конечна одлука за распределба на средствата од фондот, односно ја носи одлуката за висините на средства кои ќе се исплатат на апликантите.

Донесената Одлука од страна на УО на МРФ е конечна и по истата не е дозволено право на жалба.

Донесената Одлука за распределба и исплата на средства може да не се изврши единствено доколку во фондот нема доволно средства за исплата. Во тој случај исплатата се префрла за наредната година, а нов оглас не се распишува се додека не бидат исплатени средствата кои се веќе одобрени и за кои има донесено одлука.

Член 17

Донесената Одлука на УО, преку службите на МРФ, ја спроведува Претседателот на МРФ и за тоа го информира УО на МРФ и Комисијата за информирање.

Член 18

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување.

Претседател на МРФ

Проф. д-р Васил Костов с.р.